**ЗАПИСНИК**
**Од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 20 септември 2017 година, сала Борис Трајковски**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа Н.Е. г.Самуел Жбогар, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и амбасадорите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа г.Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г.Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и член на Советот, пратениците и членови на Советот: г. Антонијо Милошовски, г.Африм Гаши, г.Илија Николовски, г-ѓа Шпреса Хадри и пратениците заменици членови на Советот: г. Владимир Ѓорчев, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Елизабета Канческа Милевска и г.Фадил Зендели.

На седницата присуствуваа г-ѓа Иванка Додовска, претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г.Луан Старова од Македонската академија за науките и уметностите, г. Лулзим Хазири од Граѓанската платформа, г. Антони Пешев од Стопанската комора на Македонија, г.Шинази Мемеди од Исламската верска заедница и г.Благоја Ралповски од Конфедерација на слободни синдикати.

На седницата присуствуваа претставници од Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски прашања, претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На Првата седница на Советот беше предложен и усвоен следниот

**Дневен ред:**

1. **Презентација на активностите реализирани од Владата на Република Македонија за интеграција во Европската унија, во изминатото тромесечие;**

2. **Предлог активности за тековното тромесечие и потреба од поширок национален консензус;**

3. **Усвојување на Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември - декември 2017;**

**ТОЧКА 1. Презентација на активностите реализирани од Владата на Република Македонија за интеграција во Европската унија, во изминатото тромесечие;**

**Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи** укажа дека спроведувањето на реформите не претставува обврска само на Владата на Република Македонија туку на сите општествени фактори и е неопходен предуслов во градењето на функционална демократија, стабилно и просперитетно општество и компетитивна економија. г.Бујар Османи искажа подготвеност да се дискутира за сите значајни прашања, да се обезбеди инклузивност и транспарентност во процесот, како и тековно информирање на Советот, за напредокот во процесот на евроинтеграција. Приоритетен чекор е да се обезбедува политички дијалог во Собранието, а условената препорака на Европската комисија за почеток на преговорите мора да стане безусловна. Целта на Владата е да обезбеди консензуална платформа за отстранување на вториот услов од Извештајот на Европската комисија, за што е потребно предвидените закони да се донесат со широка поддршка. Планираните реформи кои произлегуваат од Програмата на Владата ги имаат во предвид Договорот од Пржино, препораките од Итните реформски приоритети, Венецијанската комисија, Греко, ОБСЕ и препораките од консултациите со граѓанските организации. Вицепремиерот за европски прашања информираше дека наскоро ќе се подготви подетален извештај за реализација на предвидените мерки од Планот на Владата, и за истиот ќе се информираат Собранието, Европската комисија и пошироката јавност. Во однос на мерките од Планот на Владата што се однесуваат на Собранието, г.Османи информираше дека Владата се обврза да се воведат тематски пратенички прашања согласно Собраниските процедури, како и подготвеност за искрена соработка со опозицијата, враќање на надзорната функција на Собранието и неговите тела надлежни за надзор на безбедносно-разузнавачките служби.

Во расправата по Презентација на активностите реализирани од Владата на Република Македонија за интеграција во Европската унија во изминатото тромесечие, со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г. Никола Попоски, претседател на Советот, г.Антонијо Милошовски и г.Африм Гаши членови на Советот и г.Благоја Ралповски претставник од Конфедерација на слободни синдикати.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски** истакна дека одржувањето на Првата седница на Советот е во момент кога го имаме вториот извештај на Рајнхард Прибе кој ги продолжува препораките од 2015 година.Тоа што е клучно за извештајот од оваа година е дека за се што треба да се направи мора да се тргне од потребата за дебата за поширок национален консензус, што не се однесува само на тесното мнозинство на пратениците во Собранието, туку пошироко. Реформите во државата мора да се прават за подолг временски период и нема да бидат предмет на внатрешно политичко пазарење. Првиот предуслов за да може Република Македонија да ги започне преговорите е да се напуштат стандардите од првите 100 дена на Владата во пресрет на реформите за кои е неопходен национален консензус. Потребно е да се воспостават нови стандарди за да се обезбеди здрава демократија, здрав дијалог во кој одредени законски решенија ќе мора да поминат низ јавна дебата со вклученост на сите фактори, па дури потоа да се ставаат во Собраниска процедура, констатира во дискусијата претседателот на Советот, г. Никола Попоски. Владата не може да обезбеди мандат без контролни механизми, затоа опозицијата е тука да поддржи добри решенија за најбрз почеток на преговорите за членство, истакна Попоски.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции, г. Антонијо Милошовски,** изнесе критика во однос на обраќањето на вицепремиерот Османи. Тој истакна дека планот на Владата на Република Македонија е исполнет само со фрази, без конкретни чекори во изминатите 117 дена. Милошоски во својата дискусија укажа дека 90% од законите во периодот од кога е формирана Владата на Република Македонија се носат по скратена постапка и не постои можност за дебата по однос на истите. Милошовски истакна дека за владиниот план ниту еднаш не била консултирана опозицијата. Тој истакна дека најактуелно прашање е Законот за јазици, каде што според него, наместо да има јавна дебата, се злоупотребува европското знаменце со цел да се донесе законот по итна постапка.

**Претставникот од Конфедерација на слободни синдикати г. Благоја Ралповски** изрази загриженост за нефункционирање на Економско-социјалниот совет поради што слободните синдикати не можат да ги искажат своите ставови и барања. Ралповски во име на Конфедерацијата на слободните синдикати истакна дека останува на барањето за покачување на платите во јавниот сектор од 19% согласно зголемувањето на минималната плата. Ралповски потенцираше дека сите барања на слободните синдикати се согласно Законот за работни односи и конвенциите на Меѓународната организација на трудот. Доколку не се одговори на барањата, Конфедерацијата на слободни синдикати ќе излезе на масовни протести. Во однос на состојбите и проблемите со кој се соочува Конфедерацијата на слободните синдикати тој информираше дека имаат испратено повеќе дописи до Владата на Република Македонија , до амбасадорот на Европската унија во Република Македонија, но немаат добиено одговор.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Африм Гаши** истакна дека движењето БЕСА ги поддржува евроинтеграциите, смета дека се многу важни и ќе направат се за да го помогнат евроинтегративниот процес. Тој истакна дека ќе го поддржат донесувањето на Законот за јазици, но изрази незадоволство бидејќи движењето БЕСА не било консултирано по однос на законот и прв пат имале можност да го видат објавен на Веб страната на Собранието на Република Македонија, но сепак ќе дадат поддршка за усвојување на истиот.

**ТОЧКА 2. Предлог активности за тековното тромесечие и потреба од поширок национален консензус;**

Во обраќањето пред Националниот совет за евроинтеграции **Шефот на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија Н.Е. г. Самуел Жбогар,** истакна дека за Република Македонија клучните приоритети се реформите во судството, службите за разузнавање и надзорот, добрососетските односи како и потребата да се воспостави меѓупартиска соработка и договор. Основната стратешка цел на сите политички партии во Собранието е започнувањето на преговорите за членство во Европската унија. Евроинтеграциите треба да бидат обединувачка сила не само на политичките партии туку и на целокупната јавност во земјата. Во своето обраќање амбасадорот Жбогар се осврна на скорешната изјава на претседателот на Европската комисија Жан Клод Јункер, дека до 2025 година Европската унија планира да биде побројна и затоа е потребно секоја земја-кандидат за членство да покаже дека постои вистинска промена внатре во земјата. Не само што треба да се продолжи со реформите, потребни се и кредибилни избори, ослободени од насилство и неправилности, што е многу важен предуслов за да се оди напред во процесот. Владејачката коалиција има голема одговорност и важно е да

не се осврнува на лошите практики на користење на државни ресурси и нулта толеранција во однос на ова прашање, истакна Н.Е. Самуел Жбогар.

**Заменик членот на Националниот совет за евроинтеграции, г. Владимир Ѓорчев,** во дискусијата се осврна на претстојните локални избори. Според Ѓорчев во последните 27 години парламентарна демократија никогаш немало толку мал број на кандидати за градоначалници. Според Ѓорчев тоа се должи на работењето и политиката на Владата на Република Македонија.

**ТОЧКА 3. Усвојување на Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември - декември 2017;**

Во однос на третата точка од дневниот ред на седницата, претседателот на Советот, г. Попоски извести дека ќе се даде дополнително време за консултација меѓу членовите на Советот, за да можат да доставаат свои предлози за Планот на Националниот совет за евроинтеграции.

На крајот на седницата претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г.Никола Попоски изрази благодарност на сите за присуството и благодарност до Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи. Попоски во завршното обраќање истакна дека многу од препораките можат да бидат корисни за следниот период и се надева дека Собранието на Република Македонија и Националниот совет за евроинтеграции ќе успеат да обезбедат панели за дискусија за квалитетни и издржани реформи кои ќе помогнат на сите Република Македонија да биде подобро место за живеење.

Седницата на Советот заврши во 11.50 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Првата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

31-3575/1
20.06.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Никола Попоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска